Бр./Nr 12-453/2

23-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68-мата седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-453/1 од 28.01.2021 година, против директор на ЈПКД ---------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со исти наводи.

Предметот со број 12-453/1 од 28.01.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 28.01.2021 година, поднесена е пријава против директор на ЈПКД ------------------------------------------------------- и оформен е предмет број 12-453/1 од 28.01.2021 година.

Во пријавата се укажува на сомневање дека посоченото лице врши злоупотреба на службената положба и овластување преку многубројни активности, од кои дел се за: распоредување - унапредување на вработени без интерен оглас; исплаќање фиктивни дневници за службени патувања; исплаќање на фиктивни налози за прекувремена работа; употреба на службени возила без овластување и за сопствени цели; собирање комунален отпад без дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање; склучување на фиктивни договори за дело; злоупотреба на службени телефони; незаконско приклучување на корисници за водовод итн.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по наводите од посочената пријава во предмет со број 12-4026/1 од 25.11.2020 година за што на 65-тата седницата на ДКСК, одржана на 15.04.2022 година, донесена е Одлука за отфрлање на пријавата, а истата е доставена на надлежно постапување на Одделението за внатрешна ревизија при Општина --------------------.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk